# ОДБЕЛЕЖЕНО 35-ГОДИШНОТО ПОСТОЕЊЕ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

*На 9 декември 1994 година, со свечен собир, на кој, покрај министерот за здравство во Владата на Република Македонија, претставници од Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и повеќе декани, продекани и универзитетски наставници од повеќе факултети, потоа, наставници и соработници на матичната институција, беше одбележено 35-годишното успешно постоење и дејствување на Стоматолошкиот факултет во Скопје.*

*На свечениот собир, за повеќедецениските раст и развој на Факултетот, зборуваше деканот на Стоматолошкиот факултет, проф. д-р Методи Симоновски, кој, без посебни глорификации на изминатиот период, се задржа на некои поединости и настани што се асоцирани со развојната еволуција и трансформирањето на некогаш скромниот, стоматолошки фундамент во современ македонски стоматолошки стручно-научен естаблишмент.*

*Тој, во своето излагање, посебно ги потенцира развојните правци со мултисегментарна димензија, што, на свој начин, треба да резултира во согледливо формирање на критичната интелектуална маса и соодветно стручно-научно јадро, како сериозна претпоставка за обезбедување на просперитетниот ôд и развој на Стоматолошкиот факултет и македонската стоматологија, воопшто.*

*На крајот, на повеќе пензионирани наставници, за едукативниот придонес и развојот на Стоматолошкиот факултет, како и на Ректоратот на Универзитетот, деканите на Медицинскиот и Природно-математичкиот факултет и на институтите и клиниките при Медицинскиот факултет, им беа доделени пригодни благодарници.*

**НАКОВА Марија**
**Заменик гл. и одговорен уредник**